# FOREVER

MACEDONIA

Септември 2017 | Број 191

## АНГАЖМАНОТ НА ФОРЕВЕР
**Gregg Maughan**

## ЗАЕДНО СТИГНУВАМЕ ПОДАЛЕКУ
**Rex Maughan**

**SUCCESS DAY**

**14.10.2017**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**





# Ангажманот на Форевер

**Кога Рекс ја основал Форевер Ливинг Продактс пред речиси 40 години и го измислил маркетинг планот, неговата визија била во основата на овој план да биде ангажманот дека секој сопственик на Форевер бизнис ќе биде праведно компензиран и наградуван за својата работа. И денес неговото ветување да го создаде најдобриот маркетинг план во светот сè уште е во сила.**

Од 1 септември измените во Деловната политика влегоа во сила. Тука нема да одам во детали за секоја од нив, но за мене, Рекс и раководниот тим е важно да споделиме со вас зошто ги ревидиравме правилата за работа. Причината повторно е во ангажманот.

Целта на секое усовршување на политиката е да го подобри нашиот систем, да протолкува некои не сосем јасни правила или да ве награди справедливо вас и многубројните СФБ, фокусирани на методичкиот развој на бизнисот. Со растот на компанијата, ние сме убедени дека треба да му понудиме на секого најповолни можни услови за успех и уште поголеми придобивки за оние кои демонстрираат ангажман да бидат со нас на долгорочен план. Всушност убедени сме дека овие подобрувања во бизнисот ќе им помогнат на сите трудољубиви сопственици на Форевер бизнис во светот да просперираат.

Знаеме дека многумина од вас го посветуваат времето и енергијата за да раскажуваат за производите со колку е можно повеќе луѓе. Излеговте од вашата зона на комфор, се претворивте во специјалисти по производите и го вложувате своето време за да ги создавате и одржувате контактите, да ги поддржувате другите во градењето на нивниот бизнис и остварувањето на нивните мечти. Тоа е вашиот ангажман кон Форевер.

За возврат ние продолжуваме да ги создаваме и усовршуваме нашите фантастични производи, предлагаме бизнис можност на која можете да се потпрете, ви даваме програми за стимулирање кои можат да го променат вашиот живот и ветуваме дека ќе се стремиме маркетинг планот да ви служи на најдобриот можен начин. Промените во политиката кои влегуваат во сила овој месец, се дел од нашиот долгорочен ангажман.

Се надеваме дека во идните месеци и години ќе оцените дека овие измени ќе бидат од корист за вашиот раст. Знам дека понекогаш промената создава несигурност, но несомнено ќе се согласите дека постојаното усовршување открива нови хоризонти кон уште посветла иднина за сите нас.

Не престанувајте да се насмевнувате,

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс

**ви даваме програми за стимулирање кои можат да го променат вашиот живот и ветуваме дека ќе се стремиме маркетинг планот да ви служи на најдобриот можен начин**



# Заедно стигнуваме подалеку



**Често ме прашуваат како сум постигнал толку многу во животот. Како што сум кажувал и претходно, нема конкретна тајна за успех, тој е збир од многу усилби, вклучително здрава работа и позитивен став.**

Но, една од моите клучни стратегии за успех е нешто што ги учиме и малите деца – да ги прават нештата заедно со останатите, да го споделуваат тоа што го имаат со другите. Како што раснеме, започнуваме да го нарекуваме овој пристап тимска работа.

Кога треба да се носат одлуки и да се развиваат нови идеи, за мене лично е најдобро да располагам со поддршката на мојот тим. Една од моите омилени африкански поговорки гласи:

**„Ако сакаш да стигнеш брзо, оди сам; ако сакаш да стигнеш далеку, одете заедно."**

Кога работиме тимски, повнимателно размислуваме што правиме, се појавуваат повеќе креативни можности и веројатноста да стигнеме до најдобрите резултати е многу поголема.

Речиси 40 години работам со тим во кој секој има витална улога за долгорочниот успех на Форевер – од моите прекрасни колеги тука, во Централната канцеларија, до нашите вработени во канцелариите ширум светот, како и нашиот Глобален лидерски тим од сопственици на Форевер бизнис. Сите тие не само што имаат професионално влијание врз нашата работа и насоката во која се движи Форевер, туку тие беа крај мене како во некои од тешките, така и во најубавите мигови од мојот живот.

Можам слободно да кажам дека да имаш доверливи и позитивни луѓе околу себе, може да го направи твоето патување кон успехот далеку позадоволително.

Неодамна изгубивме многу драг човек за семејството на Форевер – некој, за кого знам дека исто толку високо ја ценеше тимската работа. Од 2001 год. д-р Марија Идиго нè инспирираше сите нас да работиме заедно, за да ги оствариме нашите соништа. Марија заедно со својот прекрасен сопруг Клемент играше одлучувачка улога за проширувањето на африканскиот пазар и позитивно влијаеше на животот на илјадници сопственици на бизнис во целиот свет. Бескрајно сме ѝ благодарни на нашата „Африканска кралица" за наследството што го остави зад себе.

Способноста на Марија да ги обедини луѓето околу себе, нејзиното сочувство и придонесот за промена во Африка и во светот докажуваат дека се случуваат поубави нешта кога работиме заедно.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**




# ЧУВАЈТЕ го духот на летото И НАПОЛНЕТЕ сè со енергија за есента!

**Безгрижните долги летни денови изминаа и есента доаѓа со забрзан ритам – децата се враќаат на училиште, работата станува понапорна, обврските се поголеми, нивото на стрес се зголемува. Освен тоа, времето станува нестабилно, температурите значително се менуваат, доаѓаат влажни и ладни денови. Сето ова неизбежно влијае на нашата виталност, на нашето тело му е потребно дополнително внимание и поддршка, за да се справи со преодот меѓу сезоните.**

Безгрижните долги летни денови изминаа и есента доаѓа со забрзан ритам – децата се враќаат на училиште, работата станува понапорна, обврските се поголеми, нивото на стрес се зголемува. Освен тоа, времето станува нестабилно, температурите значително се менуваат, доаѓаат влажни и ладни денови. Сето ова неизбежно влијае на нашата виталност, на нашето тело му е потребно дополнително внимание и поддршка, за да се справи со преодот меѓу сезоните.

И каков подобар начин да се погрижиме за нашиот организам од алое вера? Речиси 40 години алое пијалоците на Форевер им помагаат на милиони луѓе во светот да изгледаат и да се чувствуваат подобро. Иако повеќето од нас го познаваат природниот вкус на алоето и го сакаат, сепак кога човек го пробува за прв пат, аромата може и да не го инспирира. Има дури и луѓе кои не се навикнуваат и иако чувствуваат корисно влијание на пијалоците врз организмот, во даден момент се откажуваат да ги консумираат бидејќи не им се вкусни.

Поради оваа причина пред повеќе од година Форевер има развиено два природни подобрувачи на вкусот со раскошни овошни аромати и „додадена вредност“ во форма на корисни витамини. Корисниот ЏУСТ ќе ги претвори во тропско искушение не само алое геловите, туку и било кој друг напиток – вода, сок, јогурт и што уште не.

Ви нудиме два овошни коктели кои моментално го освежуваат секој пијалок и ќе ве потсетуваат на летните денови и во претстојните есенски месеци – ананас, кокос, ѓумбир и боровинка, асаи, лимон.

Покрај тоа, тие ја зголемуваат вашата виталност, бидејќи се одличен извор на витамините од B групата, витаминот C и фолната киселина. Витаминот B12 придонесува за нормалниот метаболизам, кој дава енергија. Витаминот B6 помага да се намали чувството на замор. Витаминот C го поддржува правилното функционирање на имунолошкиот систем.

Летните горештини се веќе само спомен, но тоа не значи дека треба да пиеме помалку течности. Доволната хидратација на телото е важна во секоја сезона, а ако додадете овошни ноти во дел од вашата вода за тој ден, ќе ви биде попријатно да ги пиете препорачаните количества. Можете да го ставите практичното мало пакување на ЏУСТ во џебот или чантата и да ги обоите и освежите пијалоците насекаде и во секое време. Притиснете ја тубичката и уживајте во егзотичниот коктел, во кој ќе се преобрази чашата пред вас. Секоја капка прелива од аромат и еднократно притискање е доволно за да ве потсети на летото дури и ако надвор врне.

Алое пијалоците на Форевер сами по себе се ризница од корисни хранливи материи кои го поддржуваат нашиот организам во секоја сезона. ЏУСТ ги збогатува освен со боја и вкус и со дополнителни витамини за уште поголема виталност.



# Енергија за УСПЕХ



СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ

Почитувани сопственици
на Форевер бизнис,
драги пријатели,

Одморите и распустите се завршени и ако преку летото сме се опуштиле и сме ја изгубиле концентрацијата за работа, сега е моментот одново да се фокусираме на она што сакаме да го постигнеме, да влеземе во ритамот на работа кој нè движи кон поставените цели. Одморени и со нови сили можеме повторно да се зафатиме со работата, така што ќе се вратиме на основните активности кои му носат раст на нашиот Форевер бизнис.

Често човек се откажува од своите мечти, бидејќи мисли дека не може да ги оствари, се плаши дека нема да успее. Мозокот го убедува дека успехот е недостижен, дека не е доволно способен за да се справи. Обично во животот има сосем мала разлика меѓу луѓето кои ги остваруваат своите мечти и оние кои не успеваат. И таа лежи во нашиот начин на размислување. Успешните луѓе едноставно веруваат дека можат, веруваат дека тоа што го сакаат е можно. Тие имаат мечта, си поставуваат цел, собираат храброст да започнат да делуваат, не им дозволуваат на пречките по патот да ги поколебаат и одат напред.

Не знаеме дали сте забележале, но колку поздраво работиме и колку повеќе сме фокусирани, толку повеќе среќа имаме. Кога човек е насочен, околностите околу него се чини дека се поповолни. Се надеваме дека сте создале голема визија за иднината, бидејќи за среќа сте партнери со компанија во која нема потреба да инвестирате илјадници евра. Доволно е да не губите концентрација, да работите здраво, последователно и постојано, да ги избегнувате „добронамерните“ негативци и да ги следите вашите цели. Речиси 40 години Форевер е стабилна компанија со добро раководство, на која можете да сметате и со која можете да се гордеете.

Затоа одново прашајте сè: „Зошто сум во Форевер? Што сакам да постигнам?“ и мобилизирајте ја енергијата акумулирана во летните месеци, за да ја вложите на најдобар начин и да се вратите на курсот кој ве води кон посакуваниот живот.

Во октомври нѝ претстои возбудлива средба со еден од најуспешните сопственици на Форевер бизнис од Унгарија – Миклош Беркич, Дијамант Менаџер. Тој ќе биде гостин на нашиот Ден на успех и ќе сподели со вас како го постигнал импресивниот успех, како ја остварил својата мечта да поседува и да вози едни од најлуксузните и скапи спортски автомобили во светот. **Знаеме дека и вие имате смели мечти, затоа ве очекуваме на 7 октомври во прекрасната сала EFE на хотелот „Маринела“, каде што ќе ги слушнете советите на Мики!**

**Со љубов и секогаш со Вас,**



Стефан и Тања Стаеви








# Ги надградуваме содржините на Форевер



## Universal Aloe

Така се вика нашата компанија која управува со алое насадите ширум светот. Во Доминиканската Република се простираат илјадници декари алое, додадете ги плантажите во Мишн, Тексас, и ќе сфатите дека Форевер стана лидер во одгледувањето на овие неверојатни растенија. Форевер неодамна инвестираше многу во обнова на резервоарите, машините и технологиите и ги замени со најсовремените технологии на пазарот. Овој огромен потфат е доказ за ангажманот на нашето раководство да гарантира дека нашите сопственици на бизнис и клиенти добиваат алое со највисок квалитет.



Universal Aloe неодамна започна проект за проширување на плантажите со алое, кој вклучува нивно зголемување секој месец со дополнителни декари насади. Така Форевер се развива и расте заедно со вашиот бизнис.

## Aloe Vera of America

Дали некогаш сте биле во Aloe Vera of America (AVA) во Далас, Тексас? Поголемиот дел од производството кое го реализираме минува преку AVA. Неодамна нашата компанија постави нов рекорд, испраќајќи само во една седмица ширум целиот свет 92 големи контејнери. Тоа се страшно многу производи! Aloe Vera of America неодамна воведе и нов исклучително скап систем за поединечно планирање на ресурсите на претпријатието. Можеби звучи како сложен технички инструмент, но всушност лесно ќе разберете колку огромно влијание ќе има за управувањето на активностите и ефективното планирање на производството. Новиот ERP систем



ќе даде можност да се следи секој чекор од производствениот процес, започнувајќи од интересот за даден производ. Тоа ќе им овозможи на вработените на AVA да ги планираат порачките на суровини

за да ги задоволат потребите и да организираат ефикасна испорака на готовите производи до вас. Набавувањето на суровини за производство понекогаш може да одземе и три месеци. А знаете дека секоја состојка која влегува во претпријатијата на Форевер поминува темелни испитувања, за да сме сигурни во нејзиниот квалитет, и за тоа може да се потребни уште неколку месеци. Така се случува да помине повеќе од 6 месеци пред крајниот производ да е готов за испорака. Новиот систем ќе даде можност на AVA да ја планира долгорочната дејност подобро, за да бидат готовите производ кај вас кога ви се потребни.

## Forever Nutraceutical

Во 2018-а сите ОРЛИ ќе имаат можност да го разгледаат нашето производно претпријатие за додатоци во исхраната опремено на фармацевтско ниво во Феникс, Аризона. Исто и вие можете да бидете дел од ова доживување ако се квалификувате за Менаџер ОРЕЛ! А уште повозбудливо е тоа што ќе го видите тој последен збор на техниката во акција. Откако F15 буквално го освои светот, Forever Nutraceutical инсталираше нова машина, која може да се справи со големата побарувачка. Таа ги прави пакетите со блистери кои ги познавате од F15 и C9. И тоа не е сè, инсталирана беше и нова машина за пакување на АРГИ+, Форевер фибри и евентуално нови производи во иднина во удобните



пакетчиња кои ги сакате. Заедно со новите машини за производство на таблети, сето ова е само дел од комплетно реновираниот Forever Nutraceutical, што ѝ овозможува на нашата компанија да произведува повеќе додатоци во исхраната и да одговори на зголемената побарувачка на пазарот во светот.

## Forever Direct

Во овој голем дистрибутивен центар во Холандија AVA ги испраќа сите контејнери со производи, предвидени за Европа и Африка. Тука се распределуваат и дистрибуираат производите за Европската унија, Источна Европа и Африка. Многу успешно работи и делот на Forever Direct за курирски услуги за Франција, Скандинавија, Германија, Австрија и Бенелукс. Тука се подготвуваат индивидуални пратки и се испраќаат директно до сопствениците на бизнис во тие држави. Така Форевер може да си дозволи да задржи пониски цени на производите и да прави брза достава. Освен тоа неодамна во Forever Direct беа инвестирани 1,8 милиони долари за зголемување на капацитетот на компанијата, бидејќи европскиот пазар продолжува да расте. Ова




значително проширување нѝ помага да ги забрзаме испораките и го прави Forever Direct уште поефикасна врска во нашиот целосно затворен процес од растението до производот и до вас.

## Дали сте исполнети со Форевер гордост - користете го хаштагот #ForeverProud

**Дали сте исполнети со Форевер гордост од сите овие производствени и технолошки иновации? Користете го хаштагот #ForeverProud, за да ги споделите на социјалните мрежи сите поводи за гордост. А ако некогаш имате шанса да посетите едно од овие претпријатија, задолжително направете фотографии, споделете го доживеаното „во кујната“ на Форевер и раскажете им на сите како вашите омилени Форевер производи се појавуваат во белиот свет.**

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈУЛИ 2017 ГОДИНА

Клуб 4 – ниво 1




Оливера Пановска
Елена Гелевска

Клуб 4 – ниво 3




Др. Гордана Николиќ

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



Велиовска Реџбија - Неготино
Даскалова Нетка – Струмица
Димитрова Сузана – Штип
Димковиќ Гордана – Скопје
Драскачева Надица – Велес
Ѓорева Евгенија – Неготино
Ѓуровска Марија – Велес
Здравеска Зора – Прилеп
Идриз Аземи – Куманово
Јакимовски Зоран – Свети Николе
Јаневска Маријана – Куманово
Јазинка Габриела -Аман, Јордан
Јуруковска Велика - Скопје
Ќосева Матевска Кети – Скопје
Мешков Влатко - Кавадарци
Николова Билјана - Штип
Оџаклиеска Флора - Скопје
Паревска Даниела – Скопје
Поп-Илиева Елизабета - Неготино
Др.Бојана Поповиќ - Куманово
Прошевска Вера - Гевгелија
Ристиќ Валентина и Дејан – Куманово
Ристова Михајлова Зорица - Радовиш
Русиќ Нарцис – Скопје
Селмани Јукселе – Куманово
Станоевска Гордана – Скопје
Станоевска Татјана – Скопје
Стоилова Зорица – Скопје
Таневска Виолета – Скопје
Темков Душко – Скопје
Шабанова Зухра - Неготино

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Вера Златковска
4. Славица Донакова
5. Жарко Георгиевски
6. Блага Крстеска
7. Катерина Трајчевска
8. Слафко Михајловски
9. Стевица Димовска
10. Младен Димовски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Вера Златковска
2. Др.Роза Гелевска
3. Жарко Георгиевски
4. Др.Снежана Контра
5. Стевица Димовска
6. Славица Донакова
7. Македонка Петровска
8. Др.Теута Ајети
9. Младен Димовски
10. Др.Гордана Николиќ


facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


## *Претставување на Форевер во*

**Прилеп, 15.09 во 19:30,**
**Градска библиотека „Борка Талески“**

**Битола, 16.09 во 20:00, Хотел Милениум**

## ВАШИОТ БИЗНИС X2




Удвојте го вашиот бизнис со помош на ПРОМОЦИЈАТА во септември **Новус клиент и Асистент Супервизор** - направете порачки во вредност од најмалку 1 бод на личен код и вклучете 1 нов СФБ
**Супервизор и повисоко** - направете порачки во вредност од најмалку 2 бода на личен код и вклучете 2 нови СФБ
Доколку ги исполните барањата, добивате еднократно подарок - крпа за бања со логото на Форевер.


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 36, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.